# С Л У Ж Б Е Н   Г Л А С Н И К
## НА ОПШТИНА КРУШЕВО

**14.12.2017 год.** **Бр.XIII**


Врз основа на член 50 став 1 точка 3 и член 62 став 4 од Законот за локална самоуправа (“Сл.весник на Р.Македонија” бр.5/2002) и член 62 став 1 точка 3, член 68 и 97 од Статутот на Општина Крушево (“Сл.гласник на Општина Крушево” бр.1/2007 и 16/2014), Градоначалникот на Општина Крушево донесе:

**З А К Л У Ч О К**
***за објавување на актите донесени на 5-та седница на Советот на Општина Крушево одржана на ден 14.12.2017 год.***

1.**СЕ ОБЈАВУВААТ** актите донесени на 5-та седница на Советот на Општина Крушево, одржана на 14.12.2017 година.

2.Актите на Советот на Општина Крушево да се објават во Службен гласник на Општина Крушево.

3. Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во службен гласник на Општина Крушево.

**Бр. 09-1103/1 од 14.12.2017 г. Крушево**
**Градоначалник на Општина Крушево**
**м-р Томе Христоски, с.р.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 9 од Законот за локална самоуправа на Република Македонија (“Сл.весник на Р.М.” бр.5/2002), член 34 и 38 од Законот за културата (“Сл.весник на Р.М.” бр.31/98; 49/03; 82/05; 24/07; 116/10, 47/11, 51/11, 136/12, 23/13, 187/13, 44/14, 61/15, 154/15 и 39/16), член 62 став 1 точка 9 од Статутот на Општина Крушево (“Сл.гласник на Општина Крушево” бр.1/2007 и 16/14), Градоначалникот на Општина Крушево, донесе:

**Р Е Ш Е Н И Е**
**за именување на ВД директор на Домот на културата “Наум Наумовски-Борче” Крушево**

1. МИРЈАНА ПРОЕСКА од Крушево ул.”Мише Ефтим” бр.62, СЕ ИМЕНУВА за ВД Директор на Домот на културата “Наум Наумовски-Борче” Крушево од редот на вработените.

2. ВД директорот ќе ја извршува функцијата до избор на директор, но не подолго од 6 (шест) месеци.

3. ВД Директорот ги има сите права и обврски на директор на Домот на културата “Наум Наумовски-Борче” Крушево.

4. Општина Крушево, веднаш по именувањето ВД Директор ќе распише конкурс за директор.

5. Ова Решение влегува во сила со денот на неговото донесување, а ќе се објави во Службен гласник на Општина Крушево.

6. Примерок од ова Решение да се достави до именуваниот, Домот на културата “Наум Наумовски-Борче” Крушево и Архива на Општина Крушево.

О б р а з л о ж е н и е

Директорот на Домот на културата “Наум Наумовски-Борче” Крушево, Сашо Дамјаноски е разрешен од директор на Домот на културата “Наум Наумовски-Борче” Крушево, пред истекот на мандатот за кој што е избран со Решение бр.09-1083/1 од 11.12.2017 година.

Согласно член 34 од Законот за културата, во случај кога на директорот пред време му престанал мандатот, Градоначалникот на Општина Крушево веднаш именува ВД директор, без конкурс, од редот на вработените.

ВД директорот ги има сите права и обврски на директор на Домот на културата “Наум Наумовски-Борче” Крушево.

ВД директор се именува за време до изборот на директор, а најдолго за 6 (шест) месеци.

Врз основа на горе наведеното, Градоначалникот реши како во диспозитивот на ова Решение.

Упатство за правно средство: Против ова Решение допуштена е жалба до Државна комисија за одлучување во управна постапка и постапка од работен однос во втор степен, во рок од 8 (осум) од дена од приемот на истото.
**Бр.09-1084/1 од 11.12.2017 г. Крушево**
**Градоначалник на Општина Крушево**
**м-р Томе Христоски, с.р.**

Врз основа на член 93в. од Законот за средното образование ("Сл.весник на Р.М." бр.44/95; 24/96; 34/96; 35/97; 82/99; 29/02; 40/03; 42/03; 67/04; 55/05; 113/05; 35/06; 30/07; 49/07; 81/08; 92/08; 33/10; 116/10; 156/10; 18/11; 42/11; 51/11; 6/12; 100/12; 24/13; 41/14; 116/14; 135/14; 10/15; 98/15; 145/15; 30/16; 127/16 и 67/17), член 50 став 1 точка 16 и член 63 од Законот за локална самоуправа ("Сл.весник на Р.М." бр.5/2002) и член 62 став 1 точка 16 од Статутот на Општина Крушево ("Сл.гласник на Општина Крушево" бр.1/2007 и 16/14), Градоначалникот на Општина Крушево, донесе:

**Р Е Ш Е Н И Е**
**за именување на ВД Директор на**
**СОУ "Наум Наумовски-Борче" Крушево**

1. **СНЕЖАНА МИЛЕНКОВСКА** од Крушево ул."Благо Целев" бр.13, професор по географија, вработена во СОУ "Наум Наумовски-Борче" Крушево СЕ ИМЕНУВА за ВД Директор на СОУ "Наум Наумовски-Борче" Крушево.
2. ВД Директорот на СОУ "Наум Наумовски-Борче" Крушево, кој ќе ги врши работите до избор на нов директор, но не подолго од 6 (шест) месеци од денот на неговото именување.
3. Градоначалникот на Општина Крушево ќе донесе Одлука Училишниот одбор да распише јавен оглас за избор на директор.
4.Ова Решение влегува во сила со денот на неговото донесување.
5. Примерок од ова Решение да се достави до именуваниот, СОУ "Наум Наумовски-Борче" Крушево и Архива на Општина Крушево.

О б р а з л о ж е н и е

Фаница Николоска од Крушево беше разрешена од директор на СОУ "Наум Наумовски-Борче" Крушево со Решение бр.09-1096/1 од 13.12.2017 година.

Согласно член 93в. од Законот за средното образование, Градоначалникот на Општина Крушево во рок од 3 (три) дена од денот на разрешување на директорот именува ВД директорот од редот на вработените на училиштетот кој ги исполнува условите за директор. ВД директорот ги врши работите до изборот на нов директор, но не подолго од 6 (шест) месеци од денот на неговото именување.

Градоначалникот на Општина Крушево согласно горе наведеното и одредбите од Законот за Средно образование се одлучи како во диспозитивот на ова Решение.

Упатство за правно средство: Против ова Решение допуштена е жалба во рок од 15 (петнаесет) дена од денот на приемот на истото до Државна комисија за одлучување во управна постапка и постапка од работен однос во втор степен.
**Бр.09-1097/1 од 13.12.2017 г. Крушево**
**Градоначалник на Општина Крушево**
**м-р Томе Христоски, с.р.**

Врз основа на член 94 од Статутот на Општина Крушево („Сл.гласник на Општина Крушево" бр. бр.1/2007 и 16/2014) и член 110 и 150 од Деловникот за работа на Советот на Општина Крушево („Сл.гласник на Општина Крушево" бр.1/2008), Советот на Општина Крушево на петтата седница, одржана на 14.12.2017 година го донесе следниот:

**З А К Л У Ч О К**

**СЕ УСВОЈУВА** записникот од 4-та седница на Советот на Општина Крушево, одржана на 07.12.2017 година.

Заклучокот влегува во сила со денот на објавувањето во Службен гласник на општината Крушево, согласно член 62 став 4 од Законот за локална самоуправа ("Сл.весник на Р.Македонија" бр.5/2002).
**Бр.08-1092/3 од 14.12.2017 година.**
**Претседател на Совет на Општина Крушево**
**Тома Петроски, с.р. Крушево.**

Врз основа на член 36, став 1, точка 15 од Законот за локална самоуправа („ Службен весник на Р.М. бр.5/2002„) и член 21, став 1, точка 49 и 50 од Статутот на општина Крушево („Службен гласник на општина Крушево„ 1/2007 и 16/2014), Советот на Општина Крушево на седницата одржана на ден 14.12.2017 година, донесе:

**О Д Л У К А**
**за кофинансирање на проектот**
**"Заштита на животната средина и туристичките потенцијали во Пелагониски плански регион преку набавка на возила за собирање на комунален отпад"**

**Член 1**

Со оваа Одлука се дава согласност Општина Крушево да учествува со кофинансирање на проектот **"Заштита на животната средина и туристичките потенцијали во Пелагониски плански регион преку набавка на возила за собирање на комунален отпад" во износ до 307.000,00 денари.**

**Член 2**

Општина Крушево за реализација на проектот ќе кофинансира финансиски средства во максимален износ до 307.000,00 денари, а средствата ќе бидат обезбедени од Буџетот на Општината за 2018 година.

**Член 3**

Проектот преку Центарот за развој на Пелагониски плански регион се поднесува до Бирото за Регионален развој за користење на средства за финансирање на проекти за развој на планските региони од Програмата за Рамномерен регионален развој во 2018 година.

**Член 4**

Одлуката влегува во сила со денот објавувањето во „Службен гласник на Општина Крушево".

**Бр.08-1092/4 од 14.12.2017 година.**
**Претседател на Совет на Општина Крушево Тома Петроски, с.р. Крушево.**

С О Д Р Ж И Н А

Ре.бр. стр.

1.Заклучок за објавување на актите донесени на 5-та седница на Советот на Општина Крушево ............................................................................ 1

2. Решение за именување на ВД директор на Домот на културата „Наум Наумовски-Борче" Крушево ........................................................... 1

4. Решение за именување на ВД директор во СОУ „Наум Наумовски-Борче" Крушево ................. 2

3. Заклучок за усвојување на записникот од 4-та седница на Советот на Општина Крушево ............................................................................... 2

4. Одлука за кофинансирање на проектот „Заштита на животната средина и туристичките потенцијали во Пелагониски плански регион преку набавка на возило за собирање на комунален отпад".................................................. 2

Редакциски одбор на Општина Крушево.